**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**
**Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ**
**Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**

***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА***

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **ј а н у а р и, 2023**



**Скопје, 22.02.2023**

Во текот на јануари 2022 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **1.122** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **61,1 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец јануари е за 41,3% помал во однос на претходниот месец декември 2022 (n=1.911). Во однос на месец јануари 2022 (n=113) се регистрира зголемување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 10 пати, додека во однос на аритметичката средина за петгодишниот период се регистрира намалување од 37,0% (n=1.782).

Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=386; 34,4%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=13; 1,2%). *(Графикон 1)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Велес (I=123,6/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Охрид (10,2/100.000). *(Графикон 1)*

***Графикон 1**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во јануари, 2023*




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во месец јануари учествуваат со 99,6% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 60,8/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јануари, 2023*

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 936 | 51,0 |
| Ентероколитиси | 111 | 6,0 |
| Шуга | 28 | 1,5 |
| Инфективна мононуклеоза | 12 | 0,7 |
| Вирусен хепатитис Б | 7 | 0,4 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 8 | 0,4 |
| Скарлатина | 7 | 0,4 |
| Салмонелози | 3 | 0,2 |
| Вирусен хепатитис А | 3 | 0,2 |
| Гонореја | 2 | 0,1 |
| **Вкупно** | **1117** | **60,8** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити), учествуваат со 93,3% во вкупниот број на заболени, а со 93,7% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец јануари 2023 година.

Во текот на јануари, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчи сипаници** со вкупно 936 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 83,4%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 83,8%.

Во однос на претходниот месец декември 2022, се регистрира намалување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 41,9%, а во однос на месец јануари 2021 се регистрира зголемување за 12 пати. Во однос на аритметичката средина се регистрира зголемување од 1,6%.

На второ место по број на пријавени заболени во месец јануари се **ентероколитите**, со 111 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот и во групата на десетте најчести заразни заболувања, тие учествуваат со 9,9%.

Во однос на претходниот месец декември 2022, се регистрира намалување на бројот на заболени лица од ентероколити за 31,5%, а во однос на месец јануари 2022 се регистрира зголемување од 5 пати. Во однос на аритметичката средина се регистрира намалување од 83,0%.

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи во јануари**, најголем број припаѓаат на **капкови заболувања** (n=958; 85,4%) *(Графикон 2),* со инциденца од 46,3/100.000. Од нив, најголем број, процент (n=936; 97,7%) и инциденца (I=45,2/100.000) чинат пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени 12 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,6/100.000), 7 случаи на скарлатина и по 1 случај на заразни заушки, пневмококна инфекција и легионерска болест.

Во месец јануари пријавени се 125 случаи на заболени од групата на **цревни заболувања** (11,1%; I=6,0/100.000) *(Графикон 2)*. Од нив, најголем број, процент (n=111; 88,8%) и инциденца (I=5,4/100.000), чинат пријавите за ентероколитиси. Дополнително се пријавени 8 случаи на бактериски алиментарни инфекции/интоксикации и по 3 случаи на вирусен хепатитис А и салмонелоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 10 заболени лица (0,9%; I=0,5/100.000) *(Графикон 2)* и тоа пријавени се 7 случаи на вирусен хепатитис Б, 2 случаи на гонореја и 1 случај на инфекција со хламидија. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец јануари не се пријавени заболени лица.*(Графикон 2)*.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во јануари се регистрирани 29 случаи (2,6%; I=1,4/100.000) (*Графикон 2*), од кои 28 случаи на шуга и 1 случај на вирусен менингитис.

***<u>Графикон 2</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во јануари, 2023***




### *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец јануари, пријавени се 3 случаи на ХИВ/СИДА.

Две од пријавените лица се од машки, а едно лице е од женски пол. Според местото на живеење, регистрирано е по едно лице од Кавадарци, Струмица и Велес. Лицата се на возраст од 30-34 години. Две лица се хетеросексуалци, а 1 лице припаѓа на МСМ групата. (*Табела 3 во Прилог*).

Во текот на месец јануари не се регистрирани смртни случаи од ХИВ/СИДА.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.01.2023), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2023, изнесува 589, и тоа:

- 123 лица починале, а
- 466 лица живеат со ХИВ/СИДА.

### *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во јануари 2023, регистрирани се 9 случаи, 7 случаи на вирусен хепатитис Б и по 1 случај на заразни заушки и пневмококна инфекција. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистрираните случаи на вирусен хепатитис Б според возраста на заболените, не подлежат на имунизација согласно календарот за задолжителна имунизација во РСМ. Дијагнозата кај сите 7 случаи е потврдена лабораториски.

Случајот на заразни заушки подлежи на имунизација според возраста и истиот е имунизиран. Случајот е потврден лабораториски и клинички.

Случајот на пневмококна инфекција подлежи на имунизација според возраста, но не е имунизиран. Случајот е потврден лабораториски и клинички, лицето е хоспитализирано и лекувано на Клиника за детски болести.

## СОСТОЈБАТА СО COVID-19 ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Институтот за јавно здравје подготвува дневно инфо за состојбата со COVID-19 во државата и неделна информација со епидемиолошки податоци кои се темелат на обработка на податоците пристигнати преку електронскиот систем за евиденција согласно пријавите од лабораториите и анкетите добиени од ЦЈЗ/ПЕ. Дневната информација, како и неделната информација се достапни на веб страната на Институтот за јавно здравје на РСМ https://www.iph.mk.

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.01.2023, пријавени се вкупно 347.400 потврдени случаи на COVID-19 (I=18.914,2/100.000) и 9.644 смртни случаи (Mt= 525,1/100.000).

## ГРИП/ ЗАБОЛУВАЊА ШТО ЛИЧАТ НА ГРИП

Согласно извештајот на Flu News Europe, активноста на грипот продолжува да се зголемува низ Европскиот регионот и покажа порана сезонска активност споредено со периодот пред COVID-19-пандемијата. Заклучно со 4-та недела, во сезоната 2022-2023, земјите се соочуваат со мешана циркулација на вируси на грип. Се детектираат вирусите на грип тип А и Б, при што A/H1pdm09 во редовниот и сентинел надзорот.

Во текот на месец јануари, пријавени се вкупно 4.176 случаи (I=201,8/100.000) во Р.С. Македонија. Од нив, најголем број на заболени (n=538) се пријавени од Струмица, а највисока кумулативна месечна инциденца е регистрирана во Ресен (984,6/100.000).

Од почетокот на сезоната, заклучно со 4-та недела, пријавени се вкупно 5.106 случаи на грип/ заболувања слични на грип (I=278,0/100.000). Од нив, најголем број на заболени се регистрирани во Гостивар (n=582), а највисока инциденца е регистрирана во Дебар (1.730,1/100.000).

Во однос на дистрибуцијата по возрасни групи, најголем број на случаи се пријавени во најголемата возрасна група од 15-64 години - 3.123 случаи (61,2%), а највисока инциденца (619,6/100.000) се регистрира кај децата од 0-4 години (n=598).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, од почетокот на сезоната, пристигнати се 4.524 материјали од здравствени установи од амбулантски и болнички пациенти, од рутинскиот и од САРИ надзорот. Регистрирани се 178 позитивни случаи, 96 Influenza A/H3, 47 Influenza A/H1pdm, 34 Influenza A несубтипизирани и еден Influenza B.

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец јануари, до Институтот за јавно здравје не е пријавена ***епидемија на заразна болест***.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на јануари **пријавен е еден смртен случај** од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

Пријавеното починато лице е со дијагноза акутен вирусен хепатит Б, на 70 годишна возраст, од Штип, хоспитализирано и лекувано на Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби. Случајот е докажан лабараториски и клинички. Пациентот е починат во болнички услови на на 10.01.2023.

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во овој Билтен е даден приказ на евидентираните *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици,* пристигнати во ИЈЗ во текот на месец јануари, 2023 година (n=548) (*Табела 4 во прилог*).

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на 10 ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=404; 73,7%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавени причинители во месец ноември се: *MRSA (n=175; 31,9%), Influenza A (n=70; 12,7%)* и *HBsAg+ (n=47; 8,6%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за Acinetoacter baumannii, Enterococcus spp. *Escherichia coli, Klebsiella spp, Pseudomonas aeruginosa, Salmonella enteritidis, Serratia mercesens.*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Струмица и ПЕ Струга.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец јануари, ***пристигната е 1 пријава*** за заразно заболување кај странски државјанин кој престојувал во Република Северна Македонија, за носителство на хепатитис Б. Лицето според место на живеење е од Германија.

Во 2022 година, регистрирани се вкупно 49 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани, 34 пријави на ентероколитис, 6 пријави за овчи сипаници, 3 алиментарни токсоинфекции, 3 пријави за салмонелоза, 2 пријави за хепатитис Б и една пријава за инфективна мононуклеоза.

***Кузмановска Г., Караџовски Ж., Ставридис К., Кочински Д., Ќирковиќ Колевска К., Трајковска И., Кенаноглу Б., Положани Е., Цветановска Ж., Столеска Илиоска Р., Исмани М.***
***Чибишева Д., Биљали Е., Фејзула А.***